ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СМЕТКА ЗА КОМПЕНЗАЦИСКИ ФОНД ЗА УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА ЗА 2019 ГОДИНА

01 2020 03 06/2

Скопје, март 2021

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2019 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 - 12 |
| - Сметководствени политики | 12- 14 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 15 -16 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-200/6

Дата: 26.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст Агенција) на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга за 2019 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме дека не е спроведен попис на состојбите искажани на одделните сметки во деловните книги и финансискиот извештај-Биланс на состојба за сметката на Компензациски фонд за универзална услуга за 2019 година.
За констатираната состојба дадена е препорака, со цел преземање мерки за надминување на истата.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации, на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за електронски комуникации за сметката за Компензациски фонд за универзална услуга, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Сашо Димитријоски, директор од 01.02.2016 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.06.2020 до 30.10.2020 година кај Агенцијата за електронски комуникации на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга за 2019 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 03.12.2020 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Финансиски извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција и доставената документација од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2019 година, ревизијата утврди дека не е спроведен попис на состојбите искажани на одделните сметки во деловните книги и финансискиот извештај-Биланс на состојба за сметката на Компензациски фонд за универзална услуга за 2019 година, поради невоспоставена пракса за спроведување на попис на средствата и обврските на наведената сметка. Ваквата состојба не е во согласност со член 16 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 30 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации и влијае на потврдување на усогласеноста на состојбата средствата и обврските искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба која се утврдува со попис на истите.
Истакнуваме дека со донесената Одлука за извршување на попис и формирање на комисии за попис на состојба на ден 31.12.2020 година[1], донесена од страна на директорот на Агенцијата, опфатена е и сметката за Компензациски фонд за универзална услуга.

[1] Број 0503-3043/2 од 30.11.2020 година

Препорака:
Одговорното лице на Агенцијата да продолжи со отпочнатите активности за спроведување на попис на сметката за Компензациски фонд за универзална услуга.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за електронски комуникации на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Агенција за електронски комуникации
Сметка за Компензациски фонд за универзална услуга
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | | 0 | 0 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | | 0 | 0 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | | 0 | 0 |
| Приходи од кирии и закупнини | | 0 | 0 |
| Сопствени приходи | | 0 | 0 |
| Други приходи | | 0 | 0 |
| Пренесен дел од вишокот на приходи од претходна година | | 0 | 0 |
| Вонредни приходи | | 0 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | 0 | 0 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | | 0 | 0 |
| Други расходи | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 0 | 0 |
| **Капитални и други средства** | | 0 | 0 |
| **Помошти, донации и други давачки** | | 0 | 0 |
| **Плати и надомест на плати** | | 0 | 0 |
| **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | | | |
| **Вонредни расходи** | | 0 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | 0 | 0 |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | 0 | 0 |

Агенција за електронски комуникации
Сметка за Компензациски фонд за универзална услуга
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2019 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 3.1.1. | 106,825 | 117,701 |
| Побарувања | 3.1.2. | 2,518 | 2,126 |
| **Вкупно тековни средства** | | **109,343** | **119,827** |
| **Вкупна актива** | | **109,343** | **119,827** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.1. | 59 | 70 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.1.2. | 109,284 | 119,757 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **109,343** | **119,827** |
| **Вкупна пасива** | | **109,343** | **119,827** |